Јас Драган Богдановски, роден на 18.IX.1929 година во с. Клечовце, Кумановско, по народност Македонец, државјанин на СФРЈ, ја давам следната:

# И З Ј А В А

"МАКЕДОНСКА НАЦИЈА"

Бр. 25

1. Бараме Македонска Пиринска Република - од Драган Богдановски. Во оваа статија прво најостро ја осудувам политиката на бугарскиот империјализам воопшто спрема Македонија, а потоа ја осудувам специјално политиката на БКП спрема македонскиот народ. Барам БКП да ја признае националната индивидуалност на македонскиот народ, да престане со денационализација во Пиринска Македонија, и на крајот што е наважното, барам создавање на Пиринска Република, како една втора национална држава на македонскиот народ.

Во оваа моја статија се оцртани контурите на новата македонска национална политика за решавање на македонското прашање, која што почнав јас да ја креирам.

2. Прашањето на албанското малцинство во Република Македонија - потпишана со псевдоним "П.Сеирџија" е статија од Слободан Симиџиоски. Оваа статија беше многу лошо примена од читателите на "Македонска Нација" кои што статијата ја најдоа проалбанска и антимакедонска.

3. Зошто ја нема "Македонска трагедија" во овој број? - статијата е напишана од Драган Богдановски а е објавена на редакциска. Во статијата е изнесено дека "Македонска Нација" нема повеќе да ја печати "Македонска трагедија" од материјални причини, но тоа беше само изговор, вистинската причина беше неслагањето мое со пробугарската политика на "Македонската трагедија".

4. Македонската тажна стварност и србоманските и бугароманските врховисти - непотпишана статија. Автор: Драган Богдановски.

5. Благој Шембевски - стихотворба од Трпо Цолев, дотерана од Драган Богдановски.

6. Деструктивна дејност на двајца удбачшки агенти во Австралија - статија потпишана како редакциска. Статијата е пищувана од Драган Богдановски на барање од Ристе Ристевски и по документација од Ристевски.

7. Што бара "Македонска трибуна" - е статија од Борис Петков, стилизирана од Драган Богдановски.

8. Една лажна "Македонска Нација" - статијата е напишана од Драган Богдановски, а е потпишана ~~од~~ со: Централен Комитет на ДООМ и редакција на "Македонска Нација".

9. Политиката не е: плукни па залепи! - статијата е потпишана со името Властимир Станковски, вистинскиот автор е Драган Богдановски.

1о. Организационен живот - соопштение дека Шериновски е избран за организационен секретар на ЦК на ДООМ, а Власте Станковски за редактор на "Македонска Нација" - соопштението е напишано од Драган Богдановски.

Бр. 26

1. Повик до Македонците во туѓина - сите на демонстрации пред дипломатските претставништва на Бугарија. Повикот е напишан од Драган Богдановски. Мојата цел со овој повик беше да ја блемирам пред светската општественост НР Бугарија, со цел да изнудам Македонска Пиринска Република. Повикот е издаден од името на ЦК на ДООМ.

2. На Тито, Грците се му помили од Македонците - од Драган Богдановски.

3. Нови удбашки закануваwа - статија од Ристе Ристевски - преработена и стилизирана од Драган Богдановски.

4. Политиката не е: плукни па залепи! - од Драган Богдановски.

5. Како простакот Ване Петровски го "промовира" Драган Богдановски трипати за "професор" - од Драган Богдановски.

6 . Декларација на Централниот Комитет на ДООМ - напишана од Драган Богдановски.

7. Удбашка провокација во Австралија - соопштение на австралискиот дел од ЦК на ДООМ. Соопштението го испрати Стојан Србинов, а го стилизира Богдановски.

8. Македонскиот народ се гнаси од ренегатот Венко Марковски - од Драган Богдановски.

9. Едно друго гледање врз прашањето на албанското малцинство во Република Македонија - потпишана со С.Костовски. Вистинскиот автор е Владо Петровски од Гетеборг.

1о. Шахот на Иран ги предаде геројските курди како Тито што ги предаде геројските егејски Македонци - статијата е од Шариновски.

11."Македонска Нација" одговара на Радио Скопје - е од Драган Богдановски.

12. Балканските негатори ии на македонското национално постоење претрпеа пораз на неутрален терен - од Драган Богдановски.

13. ДООМ и Југославија од Драган Богдановски.

<u>Број 27</u>

1. Устав и политичка платформа на ДООМ - ова повторно објавување во "Македонска Нација" на Уставот и Политичката програма на ДОСМ дојде на барање од Ристевски и Србинов, зашто многумина заинтересирани Македонци во Австралија сакале да ги прочитаат.

2. Песна за Коле Канински - потпишана со "Иљчо" е од Илија Тупачковски од Гетеборг.

3. Лагите на умноболниот удбин провокатор Иван Петровски - е од Драган Богдановски.

4. Бугарските комунисти се однесуваат кон македонскиот народ на фашистички начин - од Драган Богдановски.

5. ДООМ и СРМ - од Драган Богдановски.

6. Трагедијата на втората илинденска епопеа - од Драган Богдановски.

7. Некои размислувања врз македонските национални проблеми. Оваа статија ја испрати Србинов, подпишана со псевдоним Строговски. Не знам кој е авторот, но Сржбинов не е нејзин автор.

8. Зошто само "грижа" за Пиринските Македонци? - е од Драган Богдановски.

Број 28

1. Илинден е жив и ќе победи - од Драган Богдановски.

2. Малата ки но голема Крушовска Република - е реферат што Пандир Манговски го држел на Илинденска Прослава во Перт. За "Македонска Нација4 рефератот го стилизира Драган Богдановски.

3. Илинден ќе вика за нов - победоносен Илинден - статија од Методи Апостолов, поправена и стилизирана од Драган Богдановски .

4. Годишнина од маченичката смрт на Благој Шамбевски - напишано од Драган Богдановски.

5. "Уставот" на удбашките провокатори - напишано од Драган Богдановски.

6. Велушина слави селска слава ..... во Австралија - од Пандил Манговски.

7, Смртта на Миле Марковски, синот на Венко Марковски - од Драган Богдановски.

8. Средбата на двајцата касапи на Македонија - Тито и Караманлис - од Драган Богдановски.

9. Македонски национализам или бркање на вештарки? - од Драган Богдановски.

1о. Нешто за "Димитровскиот" период во односите на БКП кон македонското прашање - од Драган Богдановски.

11. Европската конференција за мир и безбедност и Македонија - од Шариновски.

12. Македонска револуционерна песна - од Ристе Ристевски.

Број 29

1. Проблемите на Македонската обединетелна револуција - од Драган Богдановски.

2. Што после Хелсинки - Статијата е потпишана со Км "К.М.", но нејзин автор е Шариновски.

3. Методија Апостолов - Македон, автобиографија, стилизирана од Драган Богдановски.

4. Таен процес на македонски патриоти во Скопје - статијата е пишувана од Драган Богдановски,но по барање од Панде Здравков и по негова "документација".

5. Српска саботажа во УНЕСКО против Македонија - од Драган Богдановски.

6. Грчката демократија е криминална во однос на Македонците - е од Драган Богдановски.

7. По трагите на бугарската историографија - е од Драган Богдановски.

8. ДОСМ одговара на своите клеветници - објавено од името на ЦК на ДОСМ и редакцијата на "Македонска Нација", а напишано од Драган Богдановски.

9. Тито југословенски Иди Амин За Дода сече пари кога му текне на умот - статија од Кузман Мицевски, нешто малку стилизирана од Драган Богдановски.

1о. Славко Милославлевски се вратил во СРМ - од Драган Богдановски.

11. Струшките вечери на поезија - од Драган Богдановски.

Број 3о

1. Експозе на ДОСМ по македонското прашање. Напишано од Драган Богдановски. Целта со експозето беше да се бланира ВКП пред меѓународното комунистичко и социјалистичко движење како компартија која дегенерирала од ленинистичкиот

принцип по националното прашање.

2. Во одбрана на вистината - одговор на говорот на Лудмила Живкова - статијата ми ја испрати Србинов, но незнам кој е авторот. Тоа беше прво објавена во "Македонски весник".

3. На Лудмила Живкова - оваа стихотворба беше испратена од Стојан Србинов, кој е авторот не знам.

4. Удбашка лага за "Македонски весник" во Мелбурн - е од Драган Богдановски.

5. На удбашот - поп Методија Лазаревски - и оваа "песна" беше испратена од Србинов.

6. Затегнати односи меѓу Југославија и социјалистичките земји.

7. "Комитетите" на "војводата" Иван Петровски - е од Драган Богдановски.

Број 31

1. Разговор со претседателот на ДООМ - Драган Богдановски - Драган Богдановски.

2. Протестно писмо до Тодор Живков - испратено од името на ЦК на ДООМ а напишано од Драган Богдановски.

3. Српско-бугарско дипломатизирање зад грбот на Македонскиот народ - од Драган Богдановски.

4. Вај Гано, прави пребројување на населението - е од Драган Богдановски.

5. 16 август 1975 година крвава драма во Битола, е од Ристе Ристевски.

6. Турска критика на бугарскиот попис на населението, е од Драган Богдановски.

7. Резултати од пребројување на населението во Бугарија - е од Драган Богдановски.

8. На Благој Шамбевски - стихотворба, испратена анонимно од Австралија.

9. Советување на членовите на ЦК на ДООМ во Австралија - е од Шариновски.

10. Македонското културно наследство во студијата на Драган Ташковски, - е од Драган Богдановски.

11. "По заповед на бугарската комунистичка партија изјавувам дека сум Бугарин" - статијата е потпишана со "Македонец од Австралија" но авторот е Драган Богдановски.

12. Апел на ДООМ до Обединетите Нации против најновиот бугарски геноцид врз македонскиот народ - е напишан од Драган Богдановски.

13. Македонски печалбари градат селски фабрики - е од Драган Богдановски.

14. На сила Бугари - е од Драган Богдановски.

Број 32

1. Југославија, Бугарија и Грција не се и не можат да бидат наши татковини - реферат читан на илинденска прослова 1975 година во Аделаид. Реферат ни беше испратен за "Македонска Нација" од Ристевски, кој е автор не знам.

2. Македонското прашање и балканската соработка - од Драган Богдановски.

3. Порака до Светиот Синод - потпишано со Чали Марифец, истиот во други две стихотворби порано се потпишуваше "Вардарски". Испратена од Србинов.

4. "Мојата љубов за Македонија" и "Трње да бевме родени" од Адем Демири од Австралија. Кој е Адем Демири не знам.

5. Апел од еден македонски патриот од Австралија - е од "Чали Мариовец" алијас "Вардарски".

6. Раководителите на СР Македонија се мечтачи со половина опинок кои метат за сметка на Белград - е од Бог Сомунец.

7. Ако не се обединиме ќе бидеме уништени како народ - статијата дојде анонимно, но подоцна разбрав дека авторот е во контакт со Ристевски. Му пишав на Ристевски да ми каже кој е тој човек, но не добив одговор.

8. Имаме ли интерес? - е од Слободан Симициоски.

9. Странскиот печат за Југославија после Тито - е од Драган Богдановски.

10. Бугарската нација и Славјанството е од Драган Богдановски.

11. Зошто тој курщум в̀ срце да се најде - е од некој Егеец од Австралија, сега не знам од кој.

<u>Бр. 33 - 34</u>

1. "Македонска Трагедија" е една антимакедонска провокација на бугарската државна безбедност - од Драган Богдановски.

2. Тито во Атина го потврди антимакедонскиот карактер на Југославија - од Драган Богдановски.

3. Македонска поезија на полски јазик од Драган Богдановски.

4. Негативен дух - овој пат Сиљан Ширкоте - Слободан Симициоски.

5. Српската колонизација на Македонија - е од Драган Богдановски.

6. Шведски весник за Македонија е од Драган Богдановски.

7. Титово предавништво спрема егејските Македонци е од Драган Богдановски.

8. Белградски весник за безработицата во СРМ - е од Драган Богдановски.

9. Нешто за македонската прозна литература е од Драган Богдановски.

Број 35

1. Порака од македонската православна црква - напишана од Драган Богдановски по инструкции од Србинов.

2. Каде "исчезна" 200.000 македонци во Бугарија - статија "позајмена" од "Нова Македонија".

3. И побугареното "Пиринско дело" - е од Драган Богдановски.

4. Навикнала свињата да јаде ма лајна - е од Драган Богдановски.

5. СРМ отпиша од своите "тефтери" сто иљади Македонци - е од Владо Петровски.

6. "Илинден 1903" нов македонски борбен весник е од Драган Богдановски.

7. Големиот син на македонскиот народ Методија Андоновски Ченто - е од Владо Петровски, но поправена од Драган Богдановски.

8. Нашата програма е Илинденска - е од Драган Богдановски.

9. Титова посета на Грција - е од Владо Петровски.

10. Бугарите станале дембели, ајлази - е од Драган Богдановски.

11. Македонски летки во Егејска Македонија и во Атина - е од Драган Богдановски.

12. Големи успеси на Македонистиката е од Драган Богдановски.

13. Тодор Живков бугарски хитлер без мустаќи - е од Драган Богдановски.

14. Какви Бугари чекале Охриѓани - е "позајмено" од некое издание во СРМ, не се сеќавам кое.

15. Со Аљбакот на Казајканата - е исто така позајмено од некое издание од СРМ, не се сеќавам кое.

16. Многу пати размислувам - е стихотворба "позајмена" од некој поет во СРМ, не се сеќавам кој.

17. Бугарско- советските односи и македонското прашање - е од Драган Богдановски.

Број 36 - 37

1. Какво братство и единство ние потребно на нас Македонците? - објавено од името на ЦК на ДООМ, а напишано од Драган Богдановски.

2. Русот В.В. Водовозов прв биограф на Јане Сандански - за печат спремено од Драган Богдановски.

3. Која е вистинската, правата македонска азбука? - од Драган Богдановски.

4. Какви "Македонски" друштва создаваат југословенските удбаши? - е од Тоде Радевски, стилизирана од Драган Богдановски.

5. Македонска борба - авторот не го знам кој е, песната ја испрати Ристевски.

6. Земјо поробена - стихотворба под псевдоним, авторот не го знам кој е, евентуално Манговски.

7. Молитва на поп удбаш- е од Драган Богдановски.

8. Тито купил вила за Јованка во Мароко - е од Перо Цветковски, стилизирано од Богдановски.

9. Нова антимакедонска работа на Софиската Македонска трагедија" - е од Драган Богдановски, а е потпишана со името на Јован Исаковски.

1о. Новиот Швеѓанец Трајче - е од Драган Богдановски.

11. Македонскиот Јуда Михаило Апостолски - е од Драган Богдановски.

Број 38

1. Југославија е гробар на егејскиот дел од Македонската нација - е од Драган Богдановски.

2. Каде е Македонската република - е од Драган Богдановски.

3. Верност на Македонската нација и на нејзиниот илинденски идеал - тоа е вистинска македонска национална политика - е од Драган Богдановски.

4. Трагедија на народ роб или трагедија во самата трагедија - е од Шариновски.

5. Интервју со потпретседателот на ДООМ - Ристе Ристевски - текстот беше испратен од Ристевски, стилизиран од Драган Богдановски.

6. "Македонија е колонија во рамките на Југославија" - е од Драган Богдановски.

7. Каде е мојата Македонија - е од Доне Донев.

8. Сојузот на комунистите на Југославија е фашистичка партија - се вели во програмата на новата комунистичка партија на Југославија - прикажал Драган Богдановски.

9. Прилеп во Јужна Србија - пренесено од "Вечер".

1o. Со затворен шлем - од Шариновски.

11. Македонците во Австралија за Илинден - е од Доне Донев.

12. Трикатница врз туѓа куќа - "позајмено" од "Нова Македонија".

13. Македонијо заборавено - е од Трпо Цалев.

14. Песна за Методија Коларов - е од Ристе Ристевски.

15. Македонци - стихотворба, не знам од кого е.

16. На Шамбе - стихотворба од Доне Донев.

17. О Македонија - зад псевдонимот "Тошо Брзјак Егејски" не знам кој стои.

18. Вичо - од Доне Донев.

19. Илинден - зад псевдонимот или иницијалите "К.М." не знам кој стои.

2o. Трагедија на македонската нација во СРМ - е од Драган Богдановски.

3.VII.1977 година

Драган Богдановски